UDK 316.334.22:316.647.82-055.2(4-672EU)
Прегледна научна статија

# Одржливиот развој како концепт за социјална интеграција

**Милева Ѓуровска**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
*Филозофски факултет - Скопје*
*Институт за социологија*
*e-mail: mileva@fzf.ukim.edu.mk*

## АПСТРАКТ

Во последните десет години значително се зголеми интересот за проучување на социјалните проблеми. Овој интерес не е карактеристичен само за општествените науки, туку и за Европската унија и други меѓународни организации кои вложуваат големи напори во креирањето на политики преку кои ќе се насочува општествената практика. Еден од тие концепти кои ги идентификува подрачјата со голем ризик е концептот за одржлив развој. Во оваа статија посебно внимание се посветува на оној сегмент од концептот за одржлив развој кој се однесува на социјалните проблеми т.е. проблемите кои се однесуваат на социјалната интеграција. Имено, освен разгледувањето на општествениот амбиент кој значително влијае врз ерупацијата на социјалните проблеми, посебно ќе се разработи проблемот на дискриминацијата на жените на пазарот на трудот.

*Клучни зборови:* одржлив развој, човекови права и слободи, социјална исклученост, пазар на трудот, флесибилизација.

## 1. Општата рамка на концептот за одржлив развој

Во рамките на Обединетите нации во 2003 година беше формирана Меѓународната комисија за истражување на социјалните демензии на глобализацијата во чијшто извештај беше истакнато дека: *... процесите на глобализација треба да бидат придружувани со една засилена социјална димензија која ќе биде заснована на универзалните човечки вредности, на почитувањето на човековите права и човечкото достоинство; една правична глобализација, отворена за сите, водена од демократските принципи која ќе им даде шанси и ќе им дондесе многу предности на сите земји и на сите жители.* [1] Во остварувањето на една правична глобализација, Комисијата посебно го истакна значењето на одржливиот развој кој беше определен како политика на воспоставување тесна врска и меѓузависност во домените на економскиот развој, социјалниот развој и заштита на животната средина на локално, национално, регионално и глобално ниво. Како што може да се забележи во оваа определба на одржливиот развој социјалните проблеми имаат посебен легитимитет.

Меѓу целите на концептот за одржлив развој посебно внимание привлекува целта позната како: *Да се одговори на потребите на сегашните и идните генерации.* Во рамките на оваа цел истакнато е значењето на следните фактори:

- почитување на правата и личните слободи;
- зголемено учество на определени општествени групи во процесите на донесување одлуки;

[1] Commission mondiale sur la dimension sociale de la mondialisation BIT Première édition février 2004 ;

- промени во положбата на жените (истакнување на важноста на улогата на жените во општеството);
- социјална и професионална интеграција на лицата со хендикеп;
- слобода на печатот;
- разрешување конфликти;
- слобода на изразување.

Концептот за одржлив развој претставува еден од примерите кои покажуваат дека когнитивната мапа на современата економија се конструира врз социјалните принципи. Динамиката на современата економија не може да биде објаснета единствено преку термините извлечени од економската теорија. Не навлегувајќи подлабоко во социолошката анализа на економијата која, од нејзиното конституирање до денес ја аргументира социјалната вкоренетост на економијата во општеството, би спомenале уште еден пример од современата организациска практика. Станува збор за концептот познат како *добро управување* (good governance) кој се поврзува со управувањето на владите, претпријатијата и другите институции. Преку оваа јавна политика се настојува помасовно вклучување на граѓаните во управувањето, како и зголемување на социјалната одговорност при донесувањето на одлуките. Основните принципи врз кои се заснова концептот на *доброто управување* претставуваат: отвореност, партиципација, одговорност, ефикасност, кохерентност и социјална кохезија.[2] Практикувањето на доброто управување води кон воспоставување на *добро општество* т.е. општество во кое сите негови граѓани ќе уживаат во личните слободи, ќе имаат услови за добар живот и ќе оствари расна и етничка еднаквост (J. K. Galbrauth, 1997). Ваквото општество не е утопија бидејќи постојат општествени услови за неговото остварување.

[2] Le livre blanc sur la gouvernance européenne, www.http/Europa.eur-lex, 2001.

## 2. Почитувањето на правата и личните слободи

Правата и фунадаменталните слободи на граѓаните претставуваат суштински елемент на современите демократии. Станува збор за демократија од декларативен, односно формален карактер чие остварување не е можно доколку не се обезбедат неопходните услови од институционална и економска природа. Исто така, слободата не претставува еден правен параграф кој единствено постои запишан на хартија. Аналитичарите многу често ги истакнуваат тешкотиите кои ја оневозможуваат реализацијата на *идеалната држава*, односно државата каква што е пропишана во законите и во другите документи од формалин каратер. Како фактори од особено значење што влијаат врз расчекорот меѓу формалните правила и општествената реалност многу често се наведува слабиот авроритет на државата и нефункционирањето на институциите во домените каде се спроведуваат нормите. Според економистот Амартиа Сен во реализацијата на формалните правила (нормите) голема улога има културата и симболичните значења кои доаѓаат од страна на културата, односно доминатните вредности и начинот на кој се перцепираат формалните правила (Амартsa Сен 2004). Тоа значи дека од начинот на кој луѓето ги гледаат нормите во нивниот секојдневен живот ќе зависи и нивното почитување т.е. нивната реализација во практиката. Исто така, според приврзаниците на теоријата т.н. *path dependency* постои многу тесна поврзаност меѓу функционирањето на инситуциите и поширокото општествено опкружување (културата, историјата, вредностите, традицијата). Како резултат на тоа може да се случи определени норми кои доаѓаа од надвор да не добијат никаво значење, ниту во вокабуларот на локалниот дискурс, ниту да заживеат во практиката. Според тоа, општествената реалност не е производ само на нормите и институционалниот систем, туку производ од вредносните системи според кои се водат поединците во нивните секојдневни практики (Gerhard Lehmbrouk, 2003 : 40).

Во општества кои се базират на формалните права и слободи, а при тоа тие не се почитуваат, тогаш односите меѓу луѓето ќе бидат водени од

доминатните практики, а одлуките ги донесуваат групите кои поседуваат политичка или економска моќ. Во вакви ситуации луѓето кои немаат моќ имаат ограничен пристап до ресурсите што се одразува врз квалитетот на нивното живеење. Кога поединците не поседуваат моќ и немаат пристап кон основните ресурси се вели дека тие се маргинализирани т.е. дека се исклучени од јавниот живот. Во многу ретки случаи социјално исклучените лица уживаат во атмосферата на приватноста. Социјално исклучените се личности со многу проблеми во приватниот живот, а со многу мали можности тие да бидат разрешени.

Во некои услови правата се добро сфатени и прифатени, но не можат да бидат реализирани бидејќи не постојат материјални услови за тоа. На пример, постои право за еднакво образование, поединците имаат голема желба да се образуваат, но не постојат училишта, многу се оддалечени или запишувањето чини многу скапо. Во истиот тој контекст би бил и примерот со претприемништвото. Може да постои право на претприемништво, но поединците имаат тешкотии да најдат капитал кој претставува неопходен услов за отпочнување на економска активност.

Во социолошките анализи на актуелните општествени состојби веќе се заблежува поголем песимизам. Се поставува прашањето кој е современиот непријател којшто ги предизвикува несреќите и страдањата на луѓето. Комунизмот веќе не постои, а фашизмот опоменува од далечината на историјата, истакнува Мишел Буравои (Michael Burawoy, Socio-logos 1/2006). Забревтаниот капитализам ја храни тиранијата на пазарот произведувајќи огромни социјални нееднаквости на целата планета, додека експанзивната демократија претставува маска зад која се кријат интересите на моќните.

## 3. Партиципација наспроти социјална исклученост

Социјалното исклучување е термин преземен од програмските докумети на Обединетите нации и на Европската унија чија првенствена цел претставуваше остварувањето на повисок степен на социјална интеграција.

Меѓу тие документи со посебно значење е Лисабонската стратегија (2000) во која официјално се дефинираше *Новата економија* во однос на која економистите и социолозите пишува во 90-тите години на 20 век (М. Цастелс,1999). Така, новата економија го доби називот *Економија базирана на знаењето* која концепциски беше тесно поврзана со одржливиот развој. Во оваа нова концепциска парадигма на развојот е нагласено дека нема економски развој без просперитет на работната сила, без зголемување на стапката на активната популација и без создавањето услови за вклучување на маргиналните групи во општеството. Во овој програмски концепт дојде до поврзување на економската, социјалната и политиката на вработување, тенденција која подолго време ја заговараа социолозите и економистите од школата за социјална регулација. Концептот на *Новата економија* кој дојде до израз во политиките на ЕУ, се разбира елабориран на нормативен (идеолошки) начин, ги приближи двете економски теориски струи, либералната и регулативната, легитмирајќи го стравот дека слободниот пазар и пазараните законитости можат да ја зголемат сиромаштијата на определени ранливи групи.

Концептот на социјално исклучување не треба да се сфати како проста супституција на концептот на сирмаштијата кој има подолга теориска и практична егзистенција. Концептот за социјалното исклучување има поголема практична и идеолошка вредност бидејќи стана дел од развиените мерки на новата *Активна социјална политика*. Политиката за намалување на сиромаштијата стана многу штура спрема оние кои се надвор од полето на економскиот активитет.

Според некои аналитичари, афирмацијата на концептот на социјалното исклучување се користи за да го оправда кастрењето на социјалните бенефиции, особено бенефициите за невработеност. Владите и другите општествени субјекти отсекогаш го поставувале прашањето дали една дарежлива социјална политика ќе ги направи луѓето пасивни и мрзливи? Примерот со *Законот за сиромаштијата* од 1792 познат како Спеен Хамланд (Хамланд е едно село во областа Беркшир) дава одговори и на прашањето зашто владите покажуваат интерес за сиромашните. Всушност, се

покажало дека социјалниот ризик кој се зголемува со порастот на сиромаштијата не ги загрозува само сиромашните, туку може да доведе до социјална експлозија која ќе ја загрози целата заедница. Според првиот *Закон за сиромаштија,* на семејствата им се доделувала парична помош во висина на задоволување на потребите за леб поради што се нарекува *Закон за опстанок* (минимум витал). Можеби англиските судии кои го креирале овој Закон биле исплашени од социјалните немири на своите соседи, односно од избувнувањето на големата Франуската буржоаска револуција (1789), но се чини дека во англиското општество социјалните прашања и сиромаштијата се прашања кои имаат легитимитет и се решаваат во рамките на институциите. Лекцијата која беше научена од оваа историја е дека за да се одржи општествениот интегритет потребно е да се одржи индивидуалниот интегритет т.е. да не се загрози егзистенцијта на луѓето (К. Полани, 2003).

Меѓу економистите доминира сфаќањето дека порастот на БДП сам по себе ќе доведе до поголема социјална интеграција. На пример, при анализите на факторите кои ги предизвикуваат регионалните диспаритети се издвојува група на економски фактори на кои им се дава примарно значење. Според оваа логика фактори со примарно значење се: капиталот, мобилноста на работна сила и слободниот пазар. Фактори со секундарно значење се: образованието, културата и демографските состојби (Ванхове, 1999). Меѓутоа, денес сè помалку се зборува за примарни и секундарни фактори на економскиот развој. За развојот на економијата значаен е капиталот, инвестициите и слободниот пазар, но сеапак многу примери покажуваат дека развиени се оние региони во кои постои голема концентрација на човечки ресурси т.е. регионите кои успеваат да привлечат квалификувана работна сила.

Според А. Сен економистите во општеството гледаат поединци т.е. збирка на индивидуи кои се механички поврзани преку размената. Кога општествто се разгледува преку пазарот и размената, мали се изгледите да се види значењето на општествените принципи какви што претставуваат: сигурноста, солидарноста и правичноста. Според него, за да се изгради *добро општество* не е доволна единствено високата продуктивност на трудот.

Потребна е партиципација на поголем дел од популацијата, дебатирање, борба на мислењата, отворање на повеќе алтернативи и услови за избор на алтернативата која одговара на мнозинството од населението. Во однос на тоа А. Сен заклучува : **на демократијата ѝ е неопходна јавна сфера** (полис) т.е. **на економијата ѝ е непходна демократија**. А. Сен дава еден мошне илустративен пример за тоа како ефектуирањето на демократските права води кон економски просперитет. На пример, во едно демократско општество каде има повеќе партии со сигурност може да се тврди дека партиите ќе се борат да ги придобијат гласачите на изборите. Доколку постојат слободни медиуми тогаш јавноста многу брзо ќе биде информирана за проблемите со кои се соочуваат граѓаните. Таков може да биде проблемот на невработеноста, сиромаштијата или гладот. Една политичка партија која има амбиција да ги добие изборите сериозно пристапува кон решавање на овие проблеми. Според Сен економските проблеми значително произлегуваат од непочитувањето на правата и слободите на граѓаните. Државите кои имаат големи економски проблеми главните причини за тоа треба да ги бараат во корупцијата, нетранспарентното извршување на економски активности и моќта на олигархијата која ги суспендира правата и еднаквиот пристап до ресурсите на останатите луѓе.

Со политиката за одржлив развој се настојува целосно активирање на популацијата. Во тој контекст е употребен и терминот *мултиактивност* (А. Сен). Активирањето не се однесува само на економското вклучување туку и на целосно учество во општествениот живот (политиката, културата, пријателствата, приватноста).

Во извештаите на Меѓународната организација на трудот (Organisation Internationelle du travaill -2004) се истакнува дека во поглед на партиципирањето при донесувањето на значајни одлуки сé уште постои патернализам. Многу групи во општеството се ставени во ситуација некој друг да учествува во изборот и во донесувањето одлуки во нивно име. Голем дел од вредностите се под влијанието на патернализмот, а тоа значи дека кон одредени групи се има низок респект.

## 4. Новиот пристап кон социјалната инклузија на жените

Социјалната интеграција на жените претставува тема која привлекува особено внимание кај аналитичарите. Припадноста кон полот долго време влијаела врз општествената положба на жените. Според *Меѓународната организација на трудот* (МОТ), дискриминацијата претставува дистинкција, исклучување или преферирање базирано на раса, боја, пол, религија, политичко мислење, национална или класна припадност, што како ефект предизвикува намалување на еднаквите шанси во третманот во областа на вработувањето или професијата.

Дискриминацијата на жените може да биде објективна (статистичка) и субјективна. Објективната дискриминација е мерлива. Таа може да биде аргументирана преку одредени статистички показатели со кои се покажува колку жени има во парламентот, во менаџментот, образованието или претприемништвото. Субјективната дискриминација многу тешко се мери и се аргументира. Таа претставува вкупност на сите чувства, комплекси или фрустрации што жените (мажите) ги имаат во себе како субординиран пол.

Во теоријата и во практиката се прави разлика и меѓу директна, и, индиректна дискриминација. Директна е тогаш кога постои нееднаков третман во законите. Индиректната дискриминација се однесува на оние ситуации кога и покрај еднаквиот третман во законите, сепак во општествените практики и натаму се забележува субордонација, односно давање предност и исклучување.

Во рамките на политиките за социјално вклучување на жените се развиле различни пристапи. Еден од пристапите се заснова врз големината на бруто националниот производ (БНП). Овој пристап не дава поволни резултати бидејќи за процесот на социјално вклучување да биде поефективен не е толку значајно колку е голем БНП, туку како тој се распределува. Тука не е покажано колку добиваат жените.

Еден од пристапите кој денес се применува од страна на МОТ е пристапот на А. Сен, т.н. пристап од аспектот на способностите (capability approach). Тука не се поставуваат прашањата од типот *каква е*

*сатисфакцијата на жената, кои се нејзините преференции* или *со колку средства таа располага* , туку се поставува прашањето : *што жената може да направи и што таа може да биде со оглед на постоечките услови* (можностите и слободите)? Тука не станува збор само за работните способности, туку за способност да се живее во хумани услови т.е. услови кои нема да ја попречат интеракцијата меѓу луѓето и нивната партиципација во виталните домени на општеството. Овој пристап претставува концепциска рамка во создавањето услови (економски, социјални, едукативни, емотивни, политички, семејни) за достоинствен живот на сите луѓе. Како посебни цели во оваа рамка се наведуваат: долг живот, добро здравје, интегритет на телото, развој на интелектуалните способности (имагинацијата), способност да се поддржуваат блиските и да се одржува контакт меѓу нив, практичен резон (достоинствена работа), социјална афилијација, рекреација и уживање, соживување и близина со природата. *Capabiliy approach* е всушност политика за развој на сите човечки способности во склад со хуманото општество (добро општество) и човечката природа.

## *4.1 Исклучувањето на жените од доменот на професиите*

Во општествените услови во кои доминира логиката на пазарот постои поголем ризик за социјално исклучување на ранливите групи какви што претставуваат жените, припадниците на одредени раси или етнички групи. Така, во поглед на занимањата се забележува сегрегација, односно исклучување на жените од одредени занимања. Ваквото исклучување ја намалува флексибилноста на економијата како и нејзината адаптибилност кон промените. Според работодавачите жените преферираат одредени (помалку одговорни) занимања за да можат да балансираат меѓу домашните обврски (грижата за децата) и обврските кон работа. Според нив жените ја посакуваат флексибилна работа за да можат во секое време да ја прекинат без посебни тешкотии и обврски кон претпријатијата.

Според неокласичната економска теорија жените поминуваат лошо на пазарот на трудот поради тоа што тие малку инвестираат во својот човечки капитал (образование, работни вештини, работно искуство). Поради ниската вредност на нивниот човечки капитал жените имаат пониска продуктивност на трудот од мажите, а со тоа и пониски плати. Во неокласичната економска теорија различната положба на жените и мажите на пазарот на трудот се објаснува со влијанието на одредени фактори од неекономска природа. Работодавачите не се чувствуваат виновни поради тоа што родителите ги насочуваат нивните ќерки кон занимањата кои се типично женски. Меѓутоа, оние коишто ја застапуваат теоријата на ниска вредност на женскиот работен капитал треба да се соочат со фактите дека денес мнозинството жени имаат солидно образование од сите домени, подеднакво се борат за нови вештини (семинари, обуки), тие како и нивните машки колеги се снабдени со солидно работно искуство.

Претставниците на неокласичната теорија сметаат дека женската работна сила чини поскапо од машката бидејќи семејната одговорност влијае на нивните зачестени отсуства од работа и честото доцнење на работа. Исто така, жените прават поголеми телефонски трошоци поради контролирањето на децата, тие имаат потреба од детски градинки во близината на претпријатието и посебни простории за хигиена со што нивниот труд станува поскап. Меѓутоа, многу истражувања покажале дека доцнењето на жените на работа во однос на доцнењето на мажите било незначајно. Не напуштајќи го полето со аргументи од неекономска природа економистите објаснуваат дека жените преферираат работни места во угоден амбиент, чиста работна околина и лежерна работа. За нив платата не би била нивна првична мотивација бидејќи сè уште владее општествениот принцип мажот да биде скрбник (снабдувач) кој го издржува семјството.

Врз положбата на жените на пазарот на трудот во голема мера влијае и заштитното законодавство. Женската работна сила е помалку барана на пазарот поради забраната за ноќна работа и забраната за ангажман во сутеренски работи.

## 5. Теорија за сегментиранот пазар на трудот

Во рамките на оваа теорија постојат повеќе варијанти. Во овој контекст припаѓаат теориите за дуалниот пазар на трудот каде се среќава поделбата на: а) примарен и секундарен пазар на трудот; б) формален и неформален; в) статичен и прогресивен. Работните задачи во примарниот сектор се добро платени, сигурни и со поголеми можности за градење кариера, што не е случај со работните места на секундарниот пазар каде доминираат слабо платени, непостојани и работни места со мали професионални перспективи. Според логиката на работодавачите на примарниот пазар на трудот лесно ќе се вработуваат лица со кои имаат работно искуство и кои располагаат со посебни вештини. Бидејќи жените немаат големи работни перформанси тие во поретки случаи би нашле работа на овој пазар на трудот. Според теоријата на објективната дискриминација поодделни групи во просек имаат помала продуктивност на трудот бидејќи имаат помали вештини, помалку знаења и помало работно искуство. Оваа информација за просекот ги води работодавачите да се одлучат за припадниците за групата која има поголема статистичка вредност, одошто да ги бараат случаите над просекот во другата група. Ваквиот пристап дава објаснување на прашањето зошто во поодделни занимања доминираат мажите, иако не е мал бројот на жените кои се подобро обучени и подобро образовани од мажите.

### *5.1 Феминистичката теорија за половата сегрегацијата во доменот на занимањата*

Според оваа теорија положбата на жените на пазарот на трудот произлегува од дискриминацијата во семејството и во општеството. Во многу општества денес сѐ уште постои родова поделба на улогите т.е. постојат машки и женски улоги. Така, женските улоги се извршуваат во доменот на репродукцијата (раѓање, грижа за децата, готвење, средување на

домаќинството), а машките улоги се поврзани со светот на професиите. Главните напори на оваа теорија е да покажат како карактеристиките на женските занимања се всушност рефлексија на постојните стереотипи кои на жените им доделуваат одредени способности. Во рамките на оваа теорија се разгледуваат пет стереотипи според кои се проценуваат способностите на жените: жената е нежна и грижлива; поседува природни вештини за извршување на домашни работи; поседува мануелна прецизност и брзина; жените се горди и жените имаат атрактивна физичка надворешност. Ако овие стереотипи се прифатат како точни, тогаш жените би можеле да ги извршуваат следните работи: медицински сестри, лекари, негувателки, воспитувачки, шијачки, готвачки, ткајачки, плетачки, дактилографки, касиерки, продавачки и сл. Според истите стереотепи жените не би можеле да извршуваат работи каде постои супервизија (надгледување на другите), контрола, патување, опасност, анализа, математика или наука. Затоа занимањата кои ги содржат овие способности станале типично машки. Во реалноста овие стереотипи играат значајна улога.

## 6. Флексибилизација на трудот: економска нужност или потреба за хармонизација на семејните и професионалните улоги

Веќе напоменавме дека мнозинство од жените денес се носители на т.н. флексибилни вработувања. Станува збор за најразлични форми на работни статуси чија заедничка карактеристика е: несугурно вработување, мали плати, отсуство на социјално осигурување, мали можности за напредување. Такви работи можат да бидат: работа на одреден проект, работа со скратено работно време, работа со договор за одредено време. Во сите случаи флексибилното вработување претставува делумно вработување. Според Меѓународната организација на трудот (МОТ), работа со нецелосно работно време е онаа што е доброволно прифатена во времетраење кое е пократко од она што е нормално според законот.

Во своите визии за иднината на трудот А. Тофлер (A. Tofler, 1983) со голем ентузијазам опишуваше дека флексибилниот труд ќе доведе до хармонизирање на приватниот и професионалниот живот. Поединците веќе нема да мораат да го напуштат домот за да ги извршуваат своите професионални задачи. Информатиката ќе им овозможи на луѓето од дома т.е од *електронските куќички* да ги испраќаат своите дневни извештаи, да комуницираат со клиентите или да вршат набавки. Жените кои имаат мали деца не ќе мора да ја доживуваат утринската грозница на подготовка на децата за одење во училиште или во градинка. Доцнењето никогаш веќе нема да биде проблем во новата флексибилна организација на работата. Меѓутоа, оваа идилична слика на флексибилизацијата не треба да нè наведе на заклучокот дека флексибилната организација навистина произлезе од потребите на обичните луѓе т.е. од потребите на жените кои имаат мали деца. Флексибилизацијата не ги донесе очекуваните олеснувања во извршувањето на работата. Спротивно на тоа, ја донесе несигурноста на работните места и постојаната потрага по нови вработувања. Скратеното работно време донесе пониски плати кои ја создадоа потребата од ангажман на уште едно или на повеќе работни места.

Проблемот поврзан со флексибилизацијата на трудот се актуализираше во 80-тите години на XX век кога се случија фундаментални промени на пазарот на трудот. Тоа е период кога претпријатијата преминаа од масовно производство кон флексибилно производство. За масовното производство беше карактеристично создавање огромна количина на исти (стандардни) производи за кои беше неопхдно да се најдат големи (широки) пазари. Воведувањето на автоматизацијата во производството и компјутерското дизајнирање на производите им овозможи на претпријатијата многу лесно да произведуваат мал број серии т.е. многу лесно да го менуваат дизајнот на производите и да произведуваат многу брзо (машински) мали количини на разновидни производи. Претпријатијата правеа стратегии како да се ослободат од прекубројните работници т.е. од класичните мануелни работници кои немаа квалификации за новото производство. Флексибилизацијата на производството многу брзо стана и основен принцип

врз кој се градеше организацијата на работата т.н. флексибилна организација која ги флексибилизираше работните места, работното време, паузите, а и платите. Денес флексибилноста е клучен термин во анализата на трудот.

Масовното практикување на вработувањето со скратено работно време првенствено се должи на зголемена побарувачка на работна сила во терциерот. Всушност, во овој сектор се зголемила побарувачката на женска работна сила бидејќи имало потреба од работи кои традиционално ги извршувале жените (болници, училишта, хотели, ресторани, маркети).

Предностите кога се вработуваат лица со парцијално работно време се следните:

- работниците вработени со парцијално работно време не се синдикално организирани, а со тоа не ги уживаат целосно правата од работа;
- делумно вработените работници имаат пониски плати и не ги добиваат дополнителните добивки (вондредните заработувачки) кои ги добиваат другите работници;
- немаат право на боледување;
- краткорочните работни договори им оди во прилог на работодвачите за нивно полесно отпуштање од работа.

Според анализите на феминстките флескибилниот труд не е створен за да ги задоволи барањато на работниците, било тоа да се мажи или жени. Анкетите покажуваат дека флексибилните работни места не носат никаква сатисфакција и дека се доживуваат како ангажмани од привремен карактер. Сè уште се посакуваат постојаните вработувања.

Во рамките на ЕУ, според податоците на Еуростат бројот на лицата кои се вработени со атипични (флексибилни) форми на вработување значително пораснал.

Во 2008 година 18,2% од вкупно вработените имале атипични работни договори (скратено работно време или парцијално работно време). Меѓу државите со највисока стапка е Холандија со 47,3%, а потоа следат Германија, Данска и Шведска каде речиси половина од популацијата работи со скратено работно време. Значително е ниска стапката на вработени лица

со атипични договори во Бугарија (2,3%) и Словачка (2,7%). Во вкупно вработените жени во ЕУ 31,1% биле со скратено работно време, за разлика од мажите каде 7, 8% биле вработени на ваков начин.




**Слика 1.** Вработени во 2008 г. со атипични форми на вработување во ЕУ-Извор: Еуростат (тпс00159)

## ЛИТЕРАТУРА

Bauman, Z. (1999) *Глобализациата*, Последиците за човека, Sofia, Lik.

Beck, U, (2000) *New brave world of the work*, Polity Press.

Beck, U. (2001) *Rizicno drustvo*, Beograd, Filip Visnic.

Bburawoy, M. *Pour une sociolgie publique*, Socio-logos 1/2006.

Castels, M. (1999) *Fin de millénaire, L'ère de l'information*, Paris, Fayard.

Castel, M. (2000) *La société en réseau*, Paris, Fayard.

Castels, M. (2001). *Le pouvoir de l'identité*, Paris, Fayard.

Coehn, D. (1997) *Riches du monde, pauvretés des nations*, Paris, Camps Flammarion.

Degenne, A. Forse, M. (1994) *Les réseaux sociaux*, Paris, Armand Colin.

Dirkem, E. (1984) *O podeli drustvenog rada*, Beograd, Prosveta.

Drucker, P. (1996) *Postkapitalisticko drustvo*, Beograd, Gradina.

Durand, J.P. Weil R.(1993), *Sociologie Contemporaine*, Paris, Vigot.

Esping, A.G. (2000), *Social Foundations of Postindustrial Economies*, Oxford University Press.
Foks. D. (2003), *Comski i globalizacija*, Beograd, IP Esotheria.
Galbitah J.K. (1997) *Dobro drustvo, humani redosled*, Beograd.
Gadray J. (2000), *Nouvelle Economie Nouveau Mythe*, Paris, Champ Flammarion.
Gidens, E. (2003) *Забеган свет*, Скопје, Филозофски факултет.
Gidens ,E. (2003) *Sociologija*, Ekonomski fakultet - Beograd .
Gidens,E. (1998) *Posledice modernosti*, Beograd, Filip Visnic.
Granovete,.M. (2000) *Le marché autrement*, Paris, Desclee de Brouwer.
Gurovska,M. (2005)*L'analyse Sociologique des Relations Socioprofessionnelles en R. de Macédoine,* Recherche- Rapport pour Swiss Labour Assistance.
Gurovska,M, (2004) *Culture and entrepreneurship in the Republic of Macedonia*, in Nezgoda,M ed., *The Consequences of Great Transformation*, Jagiellonian University, Institute of Sociology;
Haralambos,M. Holborn.M. (2002) *Sociologija, Teme i perspektive*, Zagreb, Golden Marketing.
Hel,.D. (1997)*Demokratija i globalni poredak*, Beograd, Filip Visnic,
Mandrams,H. (1997) *L'Europe des Européens*, Paris, Gallimard.
Martin, H.P. (1997)*Le piège de la mondialisation*, Paris, Babel.
Maruani, M. (2001) *L'emploi dans une société de plein chômage*, Sociologie du travail, 40 ans après. Paris, Elsevier.
Olbrou, M. (2001) *Globalnata Epoha*, Sofia, Obsidian.
Polanji, K. (2003) *Velika transformacija*, Beograd.
Plevnik, J. (2003) Iza globalizacije, *Geoekonomija me'unarodnih odnosa*, Zagreb, Golden marketing.
SEEPSS, (2003) (South-East European Political and Social Survey), Filozofski Fakultet Skopje, Norwegian Council of Research;
Sen, A. (2000) *Work and rights*, Women, gender and work, Ed. By Matha Eitetherlof Loutvi, ILO.
Tili, C. (1997) *Suocavnje sa drustvenom promenom*, Beograd, Filip Visnic.
Vanhove N., (1999) Regional policy: A European Approach (Third edition), Ashgate, Aldershot, Singapore, Sydnay, Brookfield USA.

Review Article

**Mileva Gurovska**
Ss. Cyril and Methodius University Skopje
Faculty of Philosophy - Skopje
Departemtn of sociology
*e-mail: mileva@fzf.ukim.edu.mk*

## Sustainable development as the concept of social integration

## ABSTRACT

In the last ten years, interest for studying social problems has increased. This interest is not only characteristic for social sciences, but also for the European Union and other international organisations which invest many efforts to creating policies that will guide social practics. One of those concepts where the areas with high risk are identified is the concept of sustainable development. In this article special attention is paid to that segment of sustainable development that refers to social problems, particulary the problems related to social integration. Namely, we will give much more consideration of the social environment that affects erruption of social problems, regarding discrimination of women in the labour market.

*Key words*: sustainable development, human rights and fundamental freedoms, social exclusion, labor market, flexibilisation.